**5286.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр. 08-5101/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Член 1

Во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ број 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15 и 125/15), во членот 46 став 1 во воведната реченица зборовите : „5.000 до “ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи :

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице – основач на зоната ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.”

Член 2

Членот 47 се менува и гласи:

„(1) Глоба од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице-корисник на зона, кое:

1) не поднесе извештај за работењето во форма, содржина и рок согласно со членот 33 ставови (6) и (8) од овој закон и

2) не ги пријави опремата и резервните делови на царинскиот орган при нивното изнесување на територијата на Република Македонија согласно со членот 42 став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице – корисник на зона ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

(3) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на физичкото лице-корисник на зона.”

Член 3

Членот 47-б се менува и гласи :

„Член 47-б

За прекршоците утврдени во членовите 46 и 47 од овој закон, овластените лица за вршење надзор пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог заради наплата на глобата предвидена во прекршокот.

Доколку овластеното лице констатира прекршок, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот , описот на дејствието и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог .

Записникот го потпишува овластеното лице и сторителот.

По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог , на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 4 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот 4 на овој член, за прекршоците од членовите 46 и 47 од овој закон, овластеното лица за вршење надзор поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

Овластените лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот 2 на овој член и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 7 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 7 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата. Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за економија.“

Член 4

По членот 47-б се додаваат два нови члена 47-в и 47-г, кои гласат:

„Член 47-в

За прекршоците утврдени во членот 47 од овој закон, на физичкото лице, овластеното лице за вршење надзор ќе му издаде мандатен платен налог за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на мандатниот платен налог да ја плати глобата во определениот износ.

Ако физичкото лице не ја плати глобата во рокот од ставот (1) на овој член, мандатниот платен налог има сила на извршна исправа и овластеното лице ќе го достави до органот надлежен за присилно извршување, за негово извршување.

За издадените мандатни платни налози од ставот 1 на овој член и за исходот на покренатите постапки овластените лица за вршење надзор се должни да водат евиденција.

Во евиденцијата од ставот 3 на овој член се собираат, оработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 4 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на мандатниот платен налог ја пропишува министерот за економија.“

Член 47-г

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.“

Член 5

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ZONA ZHVILLIMORE INDUSTRIALE TEKNOLOGJIKE**

Neni 1

Në Ligjin për zona zhvillimore industriale teknologjike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15 dhe 125/15), në nenin 46 paragrafin 1 në fjalinë hyrëse fjalët: “5.000 deri” shlyhen.

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

“Gjobë në shumë prej 30% nga gjoba e matur për personin juridik – themelues i zonës do t’i shqiptohet edhe personit përgjegjës në personin juridik për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni.”

Neni 2

Neni 47 ndryshohet si vijon:

“(1) Gjobë prej 5.000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik-shfrytëzues i zonës, i cili:

1) nuk parashtron raport për punën në formë, përmbajtje dhe afat në pajtim me nenin 33 paragrafët (6) dhe (8) të këtij ligji dhe

2) nuk i paraqet pajisjen dhe pjesët rezervë në organin doganor gjatë nxjerrjes së tyre në territorin e Republikës së Maqedonisë në pajtim me nenin 42 paragrafi (3) nga ky ligj.

(2) Gjobë në shumë prej 30% nga gjoba e matur për personin juridik – shfrytëzues i zonës do t’i shqiptohet edhe personit përgjegjës në personin juridik për veprimet nga paragrafi 1 i këtij neni.

(3) Gjobë në shumë prej 500 deri 700 euro në kundërvlerë me denarë do t’i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni dhe personit fizik-shfrytëzues i zonës.”

Neni 3

Paragrafi 47-b ndryshohet si vijon:

“Neni 47-b

Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenet 46 dhe 47 të këtij ligji, personat e autorizuar për kryerjen e mbikëqyrjes para parashtrimit të kërkesës për ngritjen e procedurës kundërvajtëse do të zbatojnë procedurë për barazim me lëshimin e urdhërpagesës kundërvajtëse për arkëtim të gjobës së paraparë në kundërvajtjen.

Nëse personi i autorizuar konstaton kundërvajtje, përpilon procesverbal në të cilin i shënon elementet kryesore të veprimit nga i cili rezulton karakteristika juridike e kundërvajtjes, koha, vendi dhe mënyra e kryerjes së kundërvajtjes, përshkrimi i veprimit dhe jep propozim për barazim me lëshimin e urdhërpagesës kundërvajtëse.

Procesverbalin e nënshkruan personi i autorizuar dhe kryerësi.

Pas pranimit dhe nënshkrimit të urdhërpagesës kundërvajtëse, kryerësi i kundërvajtjes është i detyruar ta paguajë gjobën në afat prej tetë ditë nga pranimi i urdhërpagesës kundërvajtëse, në llogarinë e shënuar në urdhërpagesë.

Kryerësi i kundërvajtjes i cili do ta paguajë gjobën në afatin nga paragrafi 4 i këtij neni, do të paguajë gjysmën e gjobës së shqiptuar, për të cilën të drejtë këshillohet në këshillën juridike.

Nëse kryerësi i kundërvajtjes nuk e paguan gjobën në afatin nga paragrafi 4 i këtij neni, për kundërvajtjet nga nenet 46 dhe 47 nga ky ligj, personi i autorizuar për kryerjen e mbikëqyrjes parashtron kërkesë për ngritjen e procedurës kundërvajtëse te gjykata kompetente.

Personat e autorizuar janë të detyruar të mbajnë evidencë për urdhërpagesat kundërvajtëse të lëshuara nga paragrafi 2 i këtij neni dhe për rezultatin e procedurave të ngritura.

Në evidencën nga paragrafi 7 i këtij neni mblidhen, përpunohen dhe ruhen këto të dhëna: emri dhe mbiemri, përkatësisht emërtimi i kryerësit të kundërvajtjes, vendbanimi, përkatësisht vendqëndrimi, selia, lloji i kundërvajtjes, numri i urdhërpagesës kundërvajtëse që i jepet dhe rezultati i procedurës.

Të dhënat personale nga paragrafi 7 i këtij neni ruhen pesë vjet nga dita e futjes në evidencën. Formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës kundërvajtëse i përcakton ministri i Ekonomisë.“

Neni 4

Pas nenit 47-b shtohen dy nene të reja 47-v dhe 47-g si vijojnë:

“Neni 47-v

Për kundërvajtjet e përcaktuara në nenin 47 nga ky ligj, personit fizik, personi i autorizuar për kryerjen e mbikëqyrjes do t’i lëshojë urdhërpagesë mandatare për pagimin e gjobës në afat prej tetë ditë nga dita e dorëzimit të urdhërpagesës mandatare ta paguajë gjobën në shumën e përcaktuar.

Nëse personi fizik nuk e paguan gjobën në afatin nga paragrafi (1) i këtij neni, urdhërpagesa mandatare ka fuqi të dokumentit ekzekutiv dhe personi i autorizuar do ta dorëzojë te organi kompetent për kryerje të detyrueshme, për kryerjen e tij.

Për urdhërpagesat kundërvajtëse të lëshuara nga paragrafi 1 i ketij neni dhe për rezultatin e procedurave të ngritura personat e autorizuar për kryerjen e mbikëqyrjes janë të detyruar të mbajnë evidencë.

Në evidencën nga paragrafi 3 i këtij neni mblidhen, përpunohen dhe ruhen këto të dhëna: emri dhe mbiemri, përkatësisht emërtimi i kryerësit të kundërvajtjes, vendbanimi, përkatësisht vendqëndrimi, selia, lloji i kundërvajtjes, numri i urdhërpagesës kundërvajtëse që i jepet dhe rezultati i procedurës.

Të dhënat personale nga paragrafi 4 i këtij neni ruhen pesë vjet nga dita e futjes në evidencën.

Formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës mandatare i përcakton ministri i Ekonomisë.

Neni 47-g

Matja e lartësisë së gjobës për personin juridik bëhet në pajtim me Ligjin për kundërvajtjet.”

Neni 5

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 6

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për zona zhvillimore industriale teknologjike.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**5287.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ПРЕДМЕТИ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на предмети од скапоцени метали,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр. 08-5102/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ПРЕДМЕТИ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

Член 1

Во Законот за контрола на предметите од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“ број 23/95, 22/2007, 136/11 и 164/13 година), членот 31 се менува и гласи:

"(1) Ако органот на пазарната инспекција утврди дека предметот од скапоцен метал што се наоѓа во промет не е жигосан, според одредбите на овој закон подлежи на жигосување се составува записник за утврдената фактичка состојба и се донесува решение со кое се забранува натамошна продажба на тој предмет.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член е дозволена жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка.

(3) До правосилноста на одлуката за поведената постапка, привремено одземените предмети се предаваат на чување во Народната банка на Република Македонија.

(4) Предметите од скапоцени метали за кои е донесено решение од ставот (1) на овој член треба веднаш да се повлечат од продажба, запечатени во коверт и не смеат да се пуштаат во промет се додека не се жигосаат на начин определен со овој закон.

(5) На жигосување предметите треба да се донесат во ковертот во кој се запечатени од страна на органот на пазарната инспекција со примерок од записникот и решението со кое се повлечени од продажба.

(6) Жалбата не го задржува решението од извршување.

(7) Бирото за метрологија поднесува барање за покренување на прекршочна постапка."

Член 2

Во членот 31-а став 4 се менува и гласи:

"Против решенијата на Комисијата е дозволена жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка."

Член 3

Членот 32 се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, односно на трговецот поединец, ако:

1) пушта во промет предмети од скапоцени метали што ја немаат определената финост (член 7);

2) предметот од скапоцен метал не е обележан со знак на производителот и ознака на финоста (член 9 став (1));

3) производителот на предметот од скапоцен метал стави друга ознака, освен една ознака на финост и еден знак на производителот (член 11);

4) не ги поднесе на испитување и жигосување жигосаните предмети од скапоцени метали што се измeнети или преработени (член 17);

5) пренесе втиснат жиг врз друг предмет од скапоцен метал (член 21 став 1);

6) по извршеното жигосување на предметот од скапоцен метал му додаде други метални делови (член 21 став 2);

7) предметот од скапоцен метал нема втиснат жиг за степенот на финоста (член 12 став 2);

8) предметите од скапоцени метали кои се пуштаат во промет не се обележани со знак на производителот и со ознака на финоста и ако не се жигосани на начин определен со овој закон (член 24 став 1) и

9) увезените предмети кои се пуштаат во промет, немаат ознака на финоста и не се жигосани на начин определен со овој закон (член 24 став 2).

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член на правното лице, односно трговец поединец, државниот пазарен инспектор ќе му издаде прекршочен платен налог.

(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно трговец поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговец поединец за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба согласно со ставови (1) и (3) на овој член, во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(5) Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(6) Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија.

(7) За дејствијата од ставот (1) на овој член, на одговорното лице во правното лице или трговецот поединец, ќе му се изрече санкција привремена забрана за вршење на должност во траење од седум дена.